| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  | |
| Борис + | Стојна | Љупчо | |

# 58. Џарлооj

**Џарлооj** е **стар** род од Лешок, слава е Св. Никола. Куќите се во Тенеќе маало, веднаш до црквата Св. Никола. Лица од овој род може да се сретнат и како Наљабукооj, Станчееj, Тошеќееj и др. и лицата од овие родови, треба да ја утврдат точната состојба. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ - 1, Р. бр. 8, стр. 72-73, Р. бр. 18, стр. 52 и 279-280 и Р. бр. 25, стр. 60, 73-77, 79-85 и 152 ).
Лицата од овој род се иселени во Тетово, Ѓорче Петров и др.
Од родот Џарлооj ги познавам браќата: Борис, Никола, Јоанче и Живко( крстено име Благоја), кого ние во Лешок гоословувавме-викавме како Живко-Џарло, како и нивната сестра Зугра, кои се деца на Ѕако. Ѕако бил роден во Жеровјане 1875 год. и со неговата сестра Бисра биле прифатени од Стојко, кој немал деца. Подоцна Бисра се омажила за Тоде од родот Дардаљееj во Лешок.
**Ѕако** се оженил со Елена од родот Карапанџооj од Лешок и имале два сина: Борис и Никола *) и ќерка Зугра. Сопругата Елена починала и Ѕако се преженил со Стојка од Варвара и имале два сина: Јоанче и Живко и четири ќерки: Фанка, Коца, Фонка и Ана.
**Борис** Ѕаков Стојановски е роден во Лешок и со сопругата Менча од Отуње имаат четири деца, синовите Ратко и Илија и ќерките Сребра и Бора.
Борис во 50-те години од 20-от век, се отселил во Ѓорче Петров со семејството. Борис Стојановски-Џарло, таткото на Ратко бил многу добар фурнаџија и работел во Бугарија, Србија, Белград и во Босна, Сараево. Борис се враќа во Ѓорче Петров 1966 год. и ја отворил првата приватна фурна, Тетовчанец, која работи многу добро и е позната и афирмирана по вкусниот леб испечен на дрва. По смртта на Борис, фурната ја држи синот Илија Стојановски, а по смртта на Илија, ја издаваат.
**Ратко** (Радомир) Борисов Стојановски од Лешок е оженет со Елена од Жилче и имаат син Анѓелко и ќерка Татијана (Тања). Синот Анѓелко Заковски е оженет со Драгица и имаат ќерка Елена, а ќерката Тања Михајловска е мажена со Бранко од Куманово и имаат два сина: Стојан и Кристијан. Види, ( Р. бр. 8, стр.72-73 и 291 и Р. бр. 18, стр.279-280). По стапките на Ратко продолжуваат и синот Анѓелко и ќерката Татијана, кои се економисти, Анѓелко работи во Макпетрол, а Тања работи во Дрводекор Скопје и потоа отвора сопствена фирма за смеководствени и финансиски услуги.
Јас, го запознав Ратко Стојановски, кога работеше во ТРО Сеча, Скопје, а повеќе го запознав во АД Макпетрол, Скопје, кој работеше како финансиски директор, а јас работев на даночната проблематика во Дирекцијата за контрола на корисници во СОК на РМ- Централа, Скопје. За Ратко напишав кратка биографија. Види, ( Р. бр.19, стр.157-168 и Р. бр. 25, стр. 152).
**Илија** Борисов Стојановски, братот на Ратко, има син Борче и ќерка Даниела, јас не ги познавам.
**Никола** *) Ѕаков Стојковски е роден во Лешок е посинет кај Тоде од родоот Дардаљееj, кој бил маж на тетка му Бисра. Никола има два сина Диме и Тодор и ќерка Стојна. Диме има две ќерки Снежана и Роза, а Тодор има син Златко и ќерка Гордана. Види, (Р. бр. 14- Род Дардаљееj ).
**Зугра**, ќерката на Ѕако се омажила за Ристо од Кашамееj од Лешок и имале три сина: Никола, Јошо и Ѓуро и две ќерки: Коца и Јованка.
Како што споменав Ѕако од вториот брак имал два сина: Јоанче и Живко и четири ќерки: Фанка, Коца, Фота и Ана. **Јоанче** Ѕаков Стојковски со сопругата Менка од Теарце имаат три деца: синот Мито и две ќерки: Убавка и Славјанка. Јас го знам Мито Стојковски, синот на Јоанче, а за

Славјанка и Убавка не се сеќавам. Мито Стојковски е моја Генерација 1949/50 и со нас учеше прво и второ одделение во Лешок, бидејќи родителите се преселија во Тетово. Мито работеше во ХЕК Југохром, Јегуновце се до пензионирање. Мито со сопругата Сребра имаат три деца: Марија, Јовица и Никола, кој почина како беќар.

Мито, како пензионер живееше во Тетово, а навратуваше во викендуцата во Непроштено и почина 2018 год. За Мито напишав кратка биографија. Види,( Р. бр. 12 и 14, стр. 43-47, 143 и 161-193, Р. бр.19, стр.157-168 и Р. бр. 25, стр. 60, 73-77 и 152). http://spiroski.com.mk/

**Живко** (Благоја) Ѕаков Стојановски е роден во Лешок и со сопругата Десанка од Шемшово имаат три сина: Атанас (Аце), Блашко и Санко, кој почина. Инаку, во Лешок сите го викавме Живко-Џарло, а не знаевме дека е крстен со името Благоја и во 2026 година ова ми го рече синот Аце.

**Атанас** (Аце) Стојановски со Нелка од Тресонче имаат две ќерки Анета и Мирјана. **Санко** Стојановски и Тодорка од Ротинце имаат ќерка Маја и Блашко со Биљана од Сливово имаат ќерка Бојана. **Фанка** најстарата ќерка на Ѕако и Стојка не е омажена и ја догледале Јоанче братот од Тетово. **Коца** е мажена за Милан од Глоѓи и имаат три ќерки: Ѓурѓа, Менка и Убавка. **Фота** е мажена за Ѓоко во Непроштено и имаат два сина Чедо и Тите. **Ана** е мажена за Јордан од Станкооj од Лешок и имаат пет ќерки: Милица, Олга, Вера, Фролика и Елица.

Од родот Џарлооj, во 2024 година поблиску го запознав и се спријателивме со Атанас (Аце) Стојановски, син на Живко- Џарло. Аце Работеше во Железара Скопје и сега е пензионер.

Огромна благодареност на Аце (Атанас) Стојановски, кој запиша и на 23 март 2026 год, по Вибер, ми испрати многу прецизни податоци и фотографии за родот Џарлооj и за родот Дардаљеej *), како и за други лица и родови од Лешок. (Род Драдаљеej - Р. бр. 12 ). http://spiroski.com.mk/

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 40, 44, 62, 71, 131, 138, 158, 211, 223, 229, 234, 241- 242, 262, 279-280, ), **векна, воденца, Дардаљеej, Ѓорче Петров, Лешок, љеп, Нaљабукооj, род, слава, сомун, Станчеej, Тенеќе маало, Џарлооj, фурна, фурнаџие,**



| Ратко + | Благоја + | Мито + | Анѓелко | Тања | Аце | Јовица | Викторија | Никола + |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 59. Џврчкооj

Родот Џврчкооj е **нов** род во Лешок, кои се доселени од Брезно. Прв доселеник е Симо од Брезно од родот Љумооj, а слава им е Св.Никола. Некои гиословуваат и Станчеej, а Стојко Груевски од Џврчкооj и Велика Петковска од Станчеej ми дадоа искази дека ова се два различни родови.

Велика Петковска и Стојко Груевски ми рекоа дека Симо е дојден од Брезно за домазет и со Епса имал четири деца: Коце и Борис и Цвета и Илинка.

Коце бил оженет со Таса од овој род, која работеше во Болница во Лешок и ја имаат ќерката Рада. Коце умира млад и Таса се премажува за Ангеле, кој доаѓа да живее во Лешок и со кого имаат две ќерки, Зорица и Славица, при што, Коце донесе ќерка Благуња.

Рада Груевска (м. Цветановска) е мажена за Слободан Цветановски од Маркова Сушица и во бракот има два сина, Тони и Љупчо. Тони млад починува. Љупчо со Наташа Караташева, новинарка, од Лисиче, Скопје имаат еден син по име Тони. Љупчо со некоја француженка, со која не е во брак